

***Алтернативна Етимологија и Ономастика***

***МАКедонија и БУ [1] ЛГ/КАрија***

За етимолошкото потекло на зборот Македонија и неговата семантика во научната јавност и јавноста воопшто познати се неколку теории. Едната е со хеленско потекло и ги посочува зборовите (макрос и донос како материјал за скованиот геотопонимот Македонија со преносно значење на висока/планинска земја) и потекнува од Античкиот Период. Постојат и неколку неосновани предложени значења поврзани со „Голема Мајка“ или „Мајката Земја“. Од друга страна за потеклото на името Бугарија исто така постојат неколку теории. Едната тврди дека потекнува од името на Степски народ кој полека емигрирал на Балканот, друга пак дека народите кои живееле по течението на реката Волга под одредени историско социјални услови или пак при природни катастрофи морале да емигрираат и се населиле на Балканскиот Полуостров.

Но за волја на вистината на мајчиниот јазик на локалните жители од Македонија, Бугарија но и народот кој живее во Југоисточна Србија, Југоисточна Албанија, Јужно Косово,  Северната територија на Република Грција, Јужна Романија, Европскиот и Крајбрежниот дел на Турција, името односно имињата Македонија и Бугарија потекнуваат од најраспространетото и многу корисно растение за кое се употребуваат две имиња Мак и Булг/ка [2] . Тоа е збор односно име на најраспространетото и многу корисно растение во тој регион, Мак или Булк/га, од каде и потекнуваат имињата на Државите Бугарија и Македонија и географските региони и провинциите. Во сите дијалекти на мајчиниот јазик [3] кој го говори населението од горенаведените региони се користат и двата термини. Следствено двете имиња го имаат истото значење и потекло дадено од локалните жители на нивниот мајчин јазик. Разликата е што во западните дијалекте почесто се користи името Мак а во источните дијалекти името Булг/ка.







